


# ИНФОРМАЦИЈА ОД ПАТУВАЊЕТО ПО ГРАДОВИ

**Во рамки на студиското патување – посета на зелените пазари –**
**Белград, Суботица, Љубљана, Загреб, Вараждин**
**24.06. – 29.06.2012 година**

## 25.06.2012 година
## Градски пазари – Белград

Во рамки на посетата на зелените пазари од Белград, во организација на Стопанската комора на Србија, наш домаќин беше фирмата "Градски пазари Белград", В.Д. директорот Предраг Веинович со неговиот менаџерски тим. Освен во делот на покривање на пазарите во Белград беа присутни и раководителите на пазарите во Ниш, Лесковац и Суботица.
"Градски пазари Белград" како компанија координира 34 пазари – објекти од кои 31 зелен пазар, три како стоковни куќи. Компанијата е организирана како Јавно претпријатие.
"Градски пазари Белград" само за информација располага со 12.000 тезги. До 4.000 дуќани има на пазарите. 8 до 10% раст на приходите секоја година.

Во рамки на посетата на Белград, домаќините "Градски пазари Белград" организираа посета на пазарите "Зелени Венац" во центарот на Белград еден од најстарите пазари кој воедно е и споменик на културата, но модернизиран и обновен, со сопствен подземен паркин и модерно опремени биксови за складирање лоцирани во самиот подземен паркинг. Пазарот има одлична инфраструктура за одржување на чистотата а и интересен модел на додатоци на тезгите.

Го посетивме и "Блок 44" нов пазар во Нови Белград целосно направен по најновите стандарди. На тој пазар само 10 до 15 % од вкупниот број закупци на тезги може да бидат тезги закупени за трговија со не прехранбени производи. Беше посетен и "Пазарот на големо" во Белград, каде имавме презентација на новата планирана инвестиција на пазарот со кој се

планира Пазарот на големо да стане деловен центар каде внесените земјоделски производи ке добијат дододена вредност, а центарот паралелно ќе биде регионален дистрибутивен центар. Во рамки на објектот еден дел останува да постои како класичен квантaшки пазар ( со камионска продажба на големо ).

1. http://www.bgpijace.rs/newsitem.php?id=12078 – Линкот на кој директорот на “Градски пазари Белград” г-дин Предраг Веинович за интернет сајтот кој дава изјава ( а има и пишано соопштение ) за посетата на македонската делегација од Групацијата на пазари. Во изјавата која ја дава на интернет порталот посочува дека **целта на состанокот е унапредување и зајакнување на регионалното поврзување на пазарите од западен Балкан и воспоставување ПЛАТФОРМА за редовна размена на информации, искуства и знаење**.

2. http://www.pks.rs/ONama.aspx?id=243 - Информација за нашата посета имаше и во Прес клипингот на Здружението за комунални дејности од Стопанската комора на Србија во изданието од Јуни.

Кон крајот на 2011-та година донесен нов Закон за Комунални дејности. Целта на носење на ново законско решение била зголемување на одговорноста, зголемување на вложувањата во Комуналните дејности. Имаат закон за управување со отпад кој е исти како и нашиот.

Здружението за Јавни комунални претпријатија при Стопанската комора на Србија има седум групации. Највисок орган на Здружението е одборот. Здружението има 7 групации и тројца вработени.

Според нивните информации работата на пазарите е регулирана во рамки на законот за трговија. Закупците на тезги се регистрирани согласно закон, што значи не може нерегистриран закупец да работи на тезга. Регистрирани се:

- како индивидуални земјоделци согласно правилата на министерството за земјоделство со целокупната соодветна документација
- трговци на зелени пазари ( без фискална каса )
- трговци во дуќани

## <u>26.06.2012 година</u>
## <u>ЈКП Пазари Суботица – Суботица</u>

Во рамки на посетата на Суботица, посета која исто така беше во организација на Стопанската комората на Србија ( регионална канцеларија Суботица ), наш домаќин беше фирмата “ЈКП Пазари Суботица”, директорот Бодроги Бела, комерцијално финансовиот директор Матијас Фодор и Саво Дувњак извршен директор на **Бизнис Асоцијацијата Пазари на Србија.**

“ЈКП Пазари Суботица”од Јануари 2008-ма година имаат сертификат ИСО 9001 и ИСО 14001 има седум пазари со вкупен капацитет од 616 тезги, 103 локали, 16 монтажни објекти, 54 означени места, 12 боксови, 41 разладна витрина, 16 разладни комори и 212 м2 простор за складирање. Годишно се користи 90% од капацитетот на сите пазари. Карактеристика за пазарот во Суботица е што се потенцира значењето на продавачи на тезги – домашни производители. На пазарот може да се види продажба на несоодветни производи на спорни места. Разладни комори за продажба на млечни и месни производи има поставени на самите тезги.

Суботица организира секоја година

- традиционална манифестација под наслов “Вкусови на традицијата”,
- организира семинари за стандардизација
- организира “Саеми за економијата” секоја година од 2007-ма наваму

Закупците на тезги работат исто како во Белград. Регистрирани се:

- како индивидуални земјоделци согласно правилата на министерството за земјоделство со целокупната соодветна документација
- трговци на зелени пазари ( без фискална каса )
- трговци во дуќани

Бевме во посета и на познатиот Бувљи пазар на Суботица. Наш домаќин таму беше директорот Зоран Маркович. Вообичаено од петок до недела овој пазар има концентрација на посетители не само од Суботица туку и од други места од Србија, и од околните земји.

Г-динот Саво Дувњак извршен директор на **Бизнис Асоцијацијата на Пазари на Србија** информираше за идејата која тој ја иницирал пред извесно време за регионално поврзување на пазарите. Со поврзување на пазари ( асоцијации, здруженија ) од пет земји се аплицира за членство во Светската асоцијација на пазари.

## 27.06.2012 година
## ЈП Љубљански паркиралишта и пазари – Љубљана

Во рамки на посетата на Љубљана, наш домаќин беше фирмата “ЈП Љубљански паркиралишта и пазари”, директорот Само Ложеј, и раководителот на секторот за пазари Гезе Хорват.

“ЈП Љубљански паркиралишта и пазари” е организирано така што Закупците на тезги се регистрирани ( без фискални каси )

- како индивидуални земјоделци согласно правилата на министерството за земјоделство со целокупната соодветна документација
- трговци на зелени пазари ( без фискална каса )
- трговци во дуќани

Тезгите на пазарите се мобилни, се тргаат секое попладне од просторот каде е лоциран пазарот и истиот простор се користи за културни и други видови манифестации. Пазарот е организиран така што е поделен во блокови и точно се знае во кој дел од пазарот што може да се продава. Продажбата на риба, на млечни, месни и пекарски производи, е поделена во неколку затворени простори. Инфраструктурата на пазарот е модерна, а претпријатието планира да направи подземен паркинг под пазарот бидејќи Љубљана и така има забранет пристап за возила во центарот на градот.

Работата на пазарите е регулирана согласно законот за трговија кој е основен закон. Останатите работи се усогласуваат и договараат со посебни акти. Дејноста е организирана во рамки на законот за комунални дејности. Регулатор на цената на закупот е градот (општината), по предлог на Управниот одбор на претпријатието, односно по неговите пресметки и предлог цената што ја дава. На пазарот може да работат и занаетчии. Има идеја за изградба на пазар на големо но не е реализирана. Пазарите во Љубљана не се фискализирани.

Тоа што го видовме во Љубљана е продажба на месни и пекарски производи во камионска продажба лоцирани на самиот пазар (дозволено со закон) но истите немаат приклучок на вода ниту им се бараат преголеми услови за работа.

## 28.06.2012 година
## Загребачки холдинг ( Пазари Загреб ) – Загреб

Пазари Загреб ја координираат работата на 23 зелени пазари. Во рамки на посетата на Загреб, наш домаќин беше фирмата “ЈП Пазари Загреб”, раководителот Дарио Кобешчак.

“ЈП Пазари Загреб” е организирано така што Закупците на тезги се регистрирани ( без фискални каси )

- како индивидуални земјоделци согласно правилата на министерството за земјоделство со целокупната соодветна документација
- трговци на зелени пазари ( без фискална каса )

Тезгите на пазарите се мобилни, се тргаат секое попладне од просторот каде е лоциран пазарот и истиот простор се користи за културни и други видови манифестации. Пазарот е организиран така што на тезгите се издаваат ваги и чадори за сонце кои истовремено штитат и од ветер и од дожд. Продажбата на риба, на млечни, месни и пекарски производи, е поделена во неколку затворени простори.

ЈП Пазари Загреб е фирма организирана во рамки на Загребачкиот Холдингот. Работата на холдингот подлежи на законот за закуп но работата на пазарите не е регулирана со тој закон бидејќи законот предвидува јавна лицитација за закуп на простор што го отежнува работењето на пазарите. Како неминовност се нагласува потребата од носење посебен закон за пазари бидејќи сега работата на пазарите е регулирана преку неколку закони, Закон за комунални дејности, закон за трговија, закон за храна и закон за санитарна инспекција. И во Загреб има нелегални продавачи кои се лоцираат околу пазарите. Работата на закупците на пазарите е поделена. Оние сто закупуваат таканаречени клупи ( тезги ) работата нивна се регулира со Законот за комунални дејности. Тие што закупуваат објекти работата согласно одредбите на Законот за трговија.

## <u>28.06.2012 година</u>
## <u>Здружение на Хрватски пазари Вараждин</u>

Домаќин на македонската делегација во Вараждин беше претседателот на здружението на пазари и нивниот правен застапник. Интерес за средба со македонската делегација имаше и од страна на заменик градоначалникот на Вараждин, Вјеран Раделич.

Караткеристика за Вараждинскиот пазар е што истиот има сертифициран селски пазар. 75 сертифицирани производители има на пазарот во Вараждин.

Во изработка е закон за пазар на мало. 14.000 луѓе според статистиката на Вараждин продаваат на пазарите во таа жупанија. Сертификацијата на производите е поттик за домашните производители но и гаранција за купувачите дека купуваат производ од индивидуален производител а не од прекупци. Идејата е на пазарите како купувачи да се вратат младите луѓе. Пазарењето во големи хипер маркети има свои предности но пазарењето на зелените пазари други.